## ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА
**(наплатено до 31/12/2017)**

**Фактурирано/Наплатено**
**Правни лица**

| Корисници | Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| Правни лица | 01/2017 | 649.451 | 626.750 | 96% | 22.701 |
| Правни лица | 02/2017 | 668.432 | 641.968 | 96% | 26.464 |
| Правни лица | 03/2017 | 596.584 | 584.634 | 98% | 11.950 |
| Правни лица | 04/2017 | 573.648 | 561.886 | 97% | 11.762 |
| Правни лица | 05/2017 | 584.887 | 572.428 | 98% | 12.459 |
| Правни лица | 06/2017 | 623.910 | 587.691 | 94% | 36.219 |
| Правни лица | 07/2017 | 636.613 | 602.412 | 95% | 34.201 |
| Правни лица | 08/2017 | 642.301 | 601.917 | 94% | 40.384 |
| Правни лица | 09/2017 | 621.023 | 534.711 | 86% | 86.312 |
| Правни лица | 10/2017 | 615.849 | 532.380 | 86% | 83.469 |
| Правни лица | 11/2017 | 595.702 | 411.524 | 69% | 184.178 |
| Правни лица | 12/2017 | 575.456 | 53.696 | 9% | 521.760 |
| **ВКУПНО** | | **7.383.861** | **6.312.001** | **85%** | **1.071.859** |

**Фактурирано/Наплатено**
**Домакинства**

| Корисници | Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| Домакинства | 01/2017 | 2.251.687 | 2.117.479 | 94% | 134.208 |
| Домакинства | 02/2017 | 2.280.418 | 2.159.031 | 95% | 121.387 |
| Домакинства | 03/2017 | 2.138.781 | 1.992.090 | 93% | 146.691 |
| Домакинства | 04/2017 | 2.194.014 | 2.024.080 | 92% | 169.934 |
| Домакинства | 05/2017 | 2.215.969 | 2.047.017 | 92% | 168.952 |
| Домакинства | 06/2017 | 2.384.806 | 2.188.904 | 92% | 195.902 |
| Домакинства | 07/2017 | 2.842.156 | 2.557.663 | 90% | 284.493 |
| Домакинства | 08/2017 | 3.418.120 | 2.944.624 | 86% | 473.496 |
| Домакинства | 09/2017 | 2.994.480 | 2.514.949 | 84% | 479.531 |
| Домакинства | 10/2017 | 2.642.723 | 2.034.986 | 77% | 607.737 |
| Домакинства | 11/2017 | 2.404.694 | 1.496.940 | 62% | 907.754 |
| Домакинства | 12/2017 | 2.300.079 | 5.332 | 0% | 2.294.747 |
| **ВКУПНО** | | **30.067.932** | **24.083.101** | **80%** | **5.984.832** |

23.02.2018 год.
Делчево

ЈПКД Брегалница-Делчево
ВД Директор
Розета Цонева

| | | | |
|---|---|---|---|
| 46 | Приходи од рачен ископ на водоводен приклучок | //////////// | 1.200 |
| 47 | Приходи од користење на вода | //////////// | 2.500 |
| 48 | Приходи од отпис на обврски | //////////// | 325.814 |
| 49 | Приходи од надомест на штета | //////////// | 9.620 |
| 50 | Приходи од поврат на награда-извршител | 14,428 | //////////// |
| 51 | Приходи по спогодба | 26.372 | //////////// |
| 52 | Приходи од затезни камати од работење со неповрзани субјекти | 207.431 | 60.980 |
| 53 | Приходи од користење на вода/хидрант | 5.000 | //////////// |
| 54 | Приходи од канализација-ел. сајла | 21.000 | //////////// |
| 55 | Приходи од продажба на водомери | 20.575 | //////////// |
| 56 | Приходи од конструкција за паркирање на велосипеди | 3.220 | //////////// |
| 57 | Приходи од отстранување дефект на водоводна линија | 2.000 | //////////// |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ** | **41.569.592** | **42.427.253** |

## ТРОШОЦИ

**Вкупните трошоци од работењето изнесуваат 39.975.991ден.**

| **Конто** | **Назив на контото** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|---|
| 400 | Потрошени материјали и суровини | 830.212 | 839.957 |
| 401 | Трошоци за материјали | 503.805 | 272.693 |
| 402 | Потрошена електрична енергија,мазива | 4.711.983 | 3.889.494 |
| 404 | Потрошени резервни делови | 628.646 | 903.604 |
| 407 | Отпис на ситен инвентар-автогуми | 391.976 | 297.637 |
| 411 | Поштенски телефонски услуги | 98.948 | 83.600 |
| 412 | Трошоци за надворешни услуги | //////////// | 21.000 |
| 413 | Трошоци за одржување | 562.958 | 606.130 |
| 414 | Трошоци за закупнина | 12.511 | 465 |
| 415 | Трошоци за комунални услуги-ј.чистота | 1.905.141 | 1.852.179 |
| 417 | Трошоци за реклама, пропаганда промоција | ////////////// | 3.400 |
| 419 | Останати услуги | 943.681 | 2.480.985 |
| 420 | Вкалкулирани бруто плати | 24.480.059 | 21.995.506 |
| 422 | Надоместок за тех.вишок,останати трошоци | 205.748 | 436.644 |
| 430 | Трошоци за амортизација-гр.дел и опрема | 1.614.437 | 1.637.302 |
| 432 | Трошоци за амортизација-патнички и транспортни возила | 623.433 | 583.190 |
| 440 | Дневници за службено патување во земјата | 54.480 | 102.000 |
| 441 | Помош во случај на смрт-солидарен фонд | 17.400 | 15.800 |
| 442 | Трошоци за управен и надзорен одбор | 34.664 | 13.332 |
| 443 | Трошоци за спонзорство/донации | 89.522 | 17.000 |
| 444 | Трошоци за репрезентација | 192.682 | 190.544 |
| 446 | Банкарски услуги | 187.010 | 145.750 |
| 447 | Данок на имот,административни такси | 18.643 | 19.493 |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 518.257 | 545.424 |
| 451 | Вредносно усогласување на фин.вложувања | ////////// | //////////// |
| 455 | Отпис на побарувања | ////////// | 2.671 |
| 460 | Загуби од неотпишана вредност - материјалните есредства | 20.368 | ////////// |
| 469 | Останати расходи од работењето | 904.974 | 55.061 |
| 474 | Трошоци за камати по кредити од банки ,фин.лизинг | 15.408 | 38.312 |
| 479 | Камати за ненавремено платени јавни давачки | 59.442 | |
| 703 | Набавна вредност на продадени материјали | 349.603 | 28.443 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД** | **39.975.991** | **37.077.616** |

## ПРИХОДИ

**Вкупно остварени приходи од работењето изнесуваат 41.569.592ден.**

| Р.бр | Приходи | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од вода за пиење –физички и правни лица | 16.319.008 | 16.046.170 |
| 2 | Приходи од канализација-физички и правни лица | 4.646.554 | 4.560.236 |
| 3 | Приходи од фактурирање на смет | 11.200.845 | 11.045.579 |
| 4 | Приходи од погребални услуги | 636 | 235.365 |
| 5 | Приходи од приклучок на водовод | 424.920 | 301.660 |
| 6 | Приходи од магацин | 12.472 | 199.528 |
| 7 | Приходи од резервации | 15.600 | 30.400 |
| 8 | Приходи од ковчег со крст | 150 | 25.001 |
| 9 | Приходи од канти за отпад | ////////// | 33.405 |
| 10 | Приходи од управување со гробишта | 209.194 | //////// |
| 11 | Приходи од водомери | 560.798 | 87.661 |
| 12 | Приходи од радиомодули | 1.005 | 5.181 |
| 13 | Приходи од пристап за изградба на споменик | 102.000 | 94.500 |
| 14 | Приходи од гробна такса | 670.740 | 643.160 |
| 15 | Приходи од ново гробно место | 134.247 | 615.720 |
| 16 | Приходи од машинско сечење на асфалт | 6.000 | 10.600 |
| 17 | Приходи од такса од полигон за полагање | 89.046 | 72.817 |
| 18 | Приходи од пазарна такса | 1.374.423 | 1.279.645 |
| 19 | Приходи од дозвола за влез во градски гробишта | 165.000 | 108.000 |
| 20 | Приходи од доплата за резервирано гробно место | 83.996 | 275.021 |
| 21 | Приходи од набавка и уградување на сервисирани водомери | 3.220 | 10.620 |
| 22 | Приходи од одржување на паркови и зеленило | 679.367 | 1.356.075 |
| 23 | Приходи од изработка на капак за водоводни шахти/шахти | 4.000 | 6.800 |
| 24 | Чистење на депонија од инертен отпад | 87.000 | 39.000 |
| 25 | Приходи од закупнина | 61.200 | 61.200 |
| 26 | Приходи од одржување на јавна чистота | 1.814.700 | 1.763.980 |
| 27 | Приходи од плакање на цела обврска по долг за погребни трошоци | /////// | 6.260 |
| 28 | Приходи –поврат на судски од извршител | 104.620 | ///////// |
| 29 | Приходи од уништување на текстилна роба | 800 | 10.000 |
| 30 | Приходи по основ на сопствени услуги | 1.958.260 | 2.472.200 |
| 31 | Приходи од вишоци по попис | 13.090 | 29 |
| 32 | Приходи од минати година | 307.045 | 374.713 |
| 33 | Приходи од реклами,донации, спонзорства | 19.065 | 19.065 |
| 34 | Приходи од наплатени судски трошоци | 39.670 | 6.270 |
| 35 | Вонредни приходи | 49.523 | 148.866 |
| 36 | Останати приходи од работењето | 66.861 | 13.266 |
| 37 | Дополнителни приходи од минати години-градежни објекти | 40.676 | 40.676 |
| 38 | Приходи за надомест на штета | 3.600 | ///////////// |
| 39 | Приходи по основ на камати по видување | 235 | 244 |
| 40 | Приходи од рачен ископ на земја | /////////// | 5.350 |
| 41 | Приходи од утовар и транспорт на земја | /////////// | 7.800 |
| 42 | Приходи од градежни работи | /////////// | 8.200 |
| 43 | Приходи од ископ на земја и транспорт на мат. До депонија | /////////// | 1.500 |
| 44 | Приходи од извршени услуги | /////////// | 1.700 |
| 45 | Приходи од рачен ископ на канали.ров | /////////// | 3.675 |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈПКД БРЕГАЛНИЦА ДЕЛЧЕВО ЗА 2016 ГОД

### 1.ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА

Годишната сметка е подготвена во согласност со Мегународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на РМ бр.159/09,64/10, и 107/11 кои се применуваат во Р.Македонија согласно законот за трговските друштва(Службен весник на РМ бр.28/04,84/05,25/07,87/08,48/10,24/11).

Годишната сметка е поединечна а валутата на презентација е македонски денар.

Бројот на вработени во ентитетот заклучно со 31/12/2017 год изнесува 85.

### 2.ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Поважни користени сметководствени политики се следните

1)**Нематеријалните средства** евидентирани во годичната сметка се измерени според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и било какви загуби поради обезвреднување .Евидентирањето на амортизацијата на нематеријалните средства(книговодствен софтвер) е засновано на нивниот корисен век .Нематеријалните средства презентирани во годишната сметка се со ограничен корисен век и се амортизирани по стапка од 20% на годишно ниво.

2)**Материјалните средства** (Недвижностите,постројките и опремата) се презентирани според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација. Акумулираната амортизацијата е пресметана со примена на пропорционалниот метод за периодите на корисен век на средствата со примена на следните стапки

А)Згради(високо ниска градба)................2.5%
Б)Моторни возила..................................25%
В)Компјутери..........................................25%
Г)Мебел и опрема...................................10-25%

3)**Паричните средства и паричните еквиваленти** се состојат од готовински парични средства на банкарските сметки и денарската благајна.

4)**Побарувањата од купувачите** се искажани според номиналната вредност намалена за соодветната исправка на сомнителните побарувања

5)Приходите од продажба се признаваат според објективната вредност на надоместокот кој е примен или се побарува Приходите се прикажани по фактурна вредност намалена за попусти и данокот на додадена вредност.

### ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

ЈПКД Брегалница во своето работење во 2017 година оствари позитивен финансиски резултат во износ од **1.425.355 ден.(нето добивка по оданочување)**

- Чистење на ендеци со кастрење на гранки и нивен утовар и транспорт во населбите Први и Втори реон;

- Чистење на меѓуграничниот простор на граничниот премин Делчево;

- Чистење на коритата на река Габровчица и река Брегалница од растителен отпад,талог и смет;

- Кроење и уредување на зимзелените украсни дрвја на бул.Македонија, ул.М.М.-Брицо и ул. Маршал Тито;

- Уредување на жардинериите на бул. Македонија, ул. М.М.-Брицо и ул. Маршал Тито како и окопување и кроење на дрвјата во градскиот парк АСНОМ и кеј на река Брегалница;

- Шишање на тревата и нејзино собирање во училишниот двор во с.Разловци,селските гробишта и црковниот двор во истото село како и просторот пред спомен домот на Разловечкото востание.
-Исто така се вршеше и шишање на дворот на црквата во с.Селник и с.Ѕвегор;
-По повод Голачките фолклорни средби ЈПКД Брегалница изврши и чистење и уредување на просторот на и околу бината;
-Редовно се вршеше шишање на градскиот стадион,дворот на Граничната полиција и дворот на ЕВН кај трафостаницата;

- Хортикултурно уредување со сезонско цвеќе на следниве локации:
  - -жардинерии на ул.М.М.-Брицо
  - -зелената површина кај семафорите
  - -просторот пред Комерцијална банка
  - -просторот пред ТЦ Пела
  - -новиот градски парк во населбата Ново Делчево
  - -градскиот парк Езерца

На горенаведените локации се посадени околу 3000 парчиња сезонско цвеќе.

- Засадување на декоративни зимзелени садници во градскиот парк АСНОМ и градскиот парк во населбата Ново Делчево од видот ACER вкупно 10 броја.Во просторот од семафорите до раскрсницата со ЈЗУ Гоце Делчев во самите жардинерии се посадени 20 броеви од видот TUJA и 10 броја од видот JUNIPERUS.

- Уредување на зелените површини со декоративен камен на просторот кај семафорите,просторот кај Комерцијална банка,просторот кај Стопанска банка и зелените површини кај ТЦ Пела-Делчево;

- Метење и чистење на полигонот за полагање на практичниот дел од возачкиот испит секој вторник во неделата,како и редовно чистење на градскиот пазар во сабота попладне;

- Секојдневно чистење на градските гробишта од комунален отпад како и нивно редовно косење и уредување во пролет,лето и рана есен;

- Во месец Декември се врши новогодишно украсување на градот Делчево и истото се одржува во исправна состојба во периодот до 14 Јануари.

Во есенските месеци Октомври,Ноември и Декември извршено е собирање на сезонски растителен отпад од дворните места во градот Делчево и населба Звегорска река и Басарица со два камиони (ФАП 1314 и МАН) и еден трактор и тоа по 3 до 4 повторувања на целиот терен;

Извршено е чистење и санирање на седум-осум мали диви депонии на разни локалитети во градот Делчево и приградските населби.

Исто така извршено е чистење на депонија за инертен отпад (градежен шут и растителен отпад) на место викано Ралева чука и тоа 5 до 6 пати во годината.

На неколку наврати е извршено е целосно чистење на градска депонија Острец со Булдожер БНТ 105 заради добивање на чиста површина за депонирање на нов отпад и извршено е опесочување на истата со околу 80м3 песок и шлунак;

Како на самата депонија исто така во неколку наврати е извршено сaанирање на самиот пат Делчево-Острец кој е повеќепати оштетуван од поројните дождови од причини што не е асфалтиран и кој посебно ни прави проблем во зимските месеци при појава на снежни врнежи.

Извршено е обновување на уништената ограда на депонијата и поставување на нова ограда од универзално плетиво во должина од 60м1.

Во склоп на оваа работна единица со помош на скромната механизација со која располагаме во текот на извештајната 2017 година се извршија голем број на поправки, санации и тампонирање со песок и шлунак на голем број селски патишта кои беа оштетени од поројни дождови и поплави како и санација и чистење на селските канали за одводнување и пропусти кои беа оштетени од дождовите.

## СЕКТОР ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО,ГРАДСКИ ГРОБИШТА И ПАЗАР

- Секторот за одржување на паркови и зелени површини во извештајниот период покрај секојдневните и тековни работни активности кои спаѓаат во делокругот на оваа работна единица и тоа: секојдневно метење на улиците и тротоарите по изготвен распоред по денови и секојдневно собирање на отпадоци и празнење на корпите за отпадоци поставени на јавни површини како и одржување на јавните зелени површини (паркови, кејови, жардинерии, скверови) ги има извршено следните позначајни активности:

- Чистење на просторот околу и помеѓу зградите Делчевчанка и Брод,како и позади гаражите пред Делчевчанка;
- Чистење,гребулирање,собирање и утовар на растителен отпад на просторот под и околу Ветеринарната станица на ул.Маршал Тито;
- Кастрење,одстранување на суви гранки и собирање на песок од краевите на улиците и тротоарите на ул.Македонска,ул.Пере Тошев и ул.Велко Влаховиќ;

- Странично чистење од растителен отпад,талог и смет на следниве локации:
  - ул.Светозар Марковиќ до спојот со ул.Индустриска и бул.Македонија.
  - Пешачката патека до с.Ѕвегор
  - Просторот од Регионалниот центар на Граничната полиција па се до мостот на почетокот на населбата Стрелиште;

- Чистење на патот за Голак,почнувајќи од Пустевски ендек па се до манастирскиот комплекс св.Богородица-Балаклија;
- Чистење на растителен отпад во просторот под и над мостот кај Сточниот пазар,раскрсницата на ул.Индустриска, ул.Маршал Тито и ул. Острец;

Покрај редовните и тековни активности, во 2017 година се извршени и следните активности:

-Извршено е префрлање на вкупно 4 приклучни линии со изработка на водомерни шахти на улица Светозар Марковиќ со ПЕ цевки ф 110 и ф 63;

-Извршено е кружно поврзување на главна водоводна линија на улица Светозар Марковиќ и улица Индустриска со ПЕ цевки ф110 во должина од 58м1;

-Изведена е нова приклучна линија за Детската градинка Весели Цветови со ПЕ ф110 во должина од 50м1;

-Извршено е премостување на главната водоводна линија во населба Пролет ф225 во должина од 40м1;

-Извршена е изградба на нова фекална канализација ф 200 со придружни објекти во населба Пролет во вкупна должина од 70 метри.

## СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗАЦИЈА

За што поуспешно извршување на работните задачи од делокругот на комуналната хигиена изготвен е Распоред за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по денови и улици во градот Делчево и селата Габрово, Звегор, Град и Трабортивиште како и за училиштата во с.Стамер и с.Вирче.

Комуналниот отпад се собира со три специјални возила за собирање на отпад (ИВЕКО ДЕЈЛИ 65Ц, МЕРЦЕДЕС 2222 и МЕРЦЕДЕС 12.13) и еден трактор ИМТ 565 за местата и улиците во кои нема пристап за специјалните возила.

Во поглед на расположливите механизациони средства за одбележување е тоа што во 2017 година со сопствени средства е извршена набавка (замена) на надградбата на специјалното возило МЕРЦЕДЕС 2222 со што истото е ставено во функција после подолго време и како возило со најголем капацитет на собирање на отпад во голема мера е подобрен квалитетот на вршење на услугата на корисниците.

Во извештајниот период (во 2017 година) извршено е собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад од домаќинствата во количина од 4.800 тони или 400 тони месечно;

Од правни лица кои имаат склучено договори за депонирање на индустриски отпад депониран е индустриски отпад во извештајниот период од вкупно 120 тони или во просек по 10 тони индустриски отпад месечно;

Покрај редовното собирање на комуналниот отпад се врши и повремено собирање и депонирање и на отпадот од Баткова чешма и од планината Голак на спортските терени а особено за време на одржување на Голачките Фолклорни средби кај бината каде се одржува настанот;

Исто така редовно се вршеше собирање на комуналниот отпад од Граничниот премин врз основа на склучен Договор со фирмата ДООЕЛ РИВИЕЛ од Скопје.

**-Органи на управување:**

Органи на управување во Јавното претпријатие се:
-Управен одбор;
-Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење;
-Директор на Јавното претпријатие.

**-Број на вработени:**

Бројот на вработени во ЈПКД"Брегалница"-Делчево со состојба на 31 Декември 2017 година изнесува 85 вработени во редовен работен однос и 3 работници ангажиран преку Агенција за привремени вработувања.

**-Реализирани активности по Работни единици во 2017 гогина**

## СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

Во 2017 година до домаќинствата и правните лица, како корисници на нашите услуги , фактурирани се вкупно 584.200 м3 вода, Главни носители на потрошувачката се домакинствата со 526.200 м3 или 90% а до правни лица дистрибуирани се 58.000 м3 или 10%.

Работната единица Водовод и канализација во извештајната 2017 година ги има извршено следните редовни - тековни работни активности:

- Отклонети се вкупно 58 дефекти на главни водоводни линии во градот Делчево и селските населби на следните профили: ф225=1, ф110=30, ф90=12, ф63=15;
- Извршени се вкупно 74 интервенциии на разводна мрежа во градот и селските населби претежно на поцинковани линии како и на ПЕ црева;
- Одговорено е на повици од граѓани и правни лица и отклонети се вкупно 160 дефекти на приватни приклучоци на вода (пред водомер и во водомерните шахти);
- Извршена е замена на вкупно 495 неисправни водомери;
- Извршени се 36 нови приклучувања на нови потрошувачи;

Во тековното работење околу одржувањето на канализацијата извршено е санирање на 26 канализациони шахти.

Извршени се вкупно 51 интервенции на отпишување на запишени канализациии на главни лини.

Одговорено е на вкупно 45 повици од правни и физички лица за отпишување на приватни канализациони линии.

ЈПКД"Брегалница"-Делчево
Бр. 0102-102
23.02 2018 год.
ДЕЛЧЕВО

Архив. знак 0102
Рок. на чување трајно
23.02.2018 год.
Потпис

# ИЗВЕШТАЈ
## За работата на ЈПКД"Брегалница"-Делчево за 2017 година

**-Основни податоци**

Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница" е основано со Одлука бр.01-4476/1 од 10.11.1966 година, донесена од Собрание на Општина Делчево.

Надлежниот суд во Штип на 29.01.2002 година донесе Решение бр.Птрег. 67/2 со кое врши запишување во трговскиот регистар под наслов ЈПКД"Брегалница"-Делчево.

Статутот на ЈПКД"Брегалница"-Делчево е донесен од страна на Управниот одбор на претпријатието а на седницата на Советот на Општина Делчево е дадена согласност на истиот со Одлука бр.07-1799 од 29.12.2005 година.

**-Дејност**

Јавното претпријатие "Брегалница" врши дејности согласно Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпадот, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за гробишта и погребални услуги и Законот за јавна чистота.

Основната дејност -претежната дејност на претпријатието е:

-Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;

Покрај основната дејност претпријатието ги врши и следните дејности:

-одведување на урбани отпадни води преку канализационата мрежа;
-собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад;
-расчистување на диви депонии во градот и руралните населби.
-изградба на нова и реконструкција на постојна водоводна и канализацинона мрежа и друг вид на јавна инфраструктура;
-чистење и метење на улици и јавни површини;
-одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини;
-одржување, уредување и управување со градски гробишта;
-одржување на градски зелен пазар под што се подразбира одржување на објекти, направени тезги за давање на услуги за трговија.
-одржување на јавното улично осветлување во Општина Делчево.
-крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.

**-Организациона поставеност**

За што поуспешно извршување на овие дејности а во согласност со Правилникот за внатрешна организација, работењето на претпријатието е организирано во следните работни единици:

1.СЕКТОР-Општи, правни и финансиски работи;
2.СЕКТОР-Водовод и канализација;
3.СЕКТОР-Комунална хигиена и механизација;
4.СЕКТОР-Паркови и зеленило,градски гробишта и пазар.